*Денко СКАЛОВСКИ*

**УДК: 339.9-027.511(100)**
Прегледен труд

# ИСТОК – ЗАПАД ВЕРСУС ЗАПАД – ОСТАТОК

***Кратка содржина***

*Текстот тргнува од перцепцијата и рецепцијата на глобалистичките, односно антиглобалистичките процеси во изминатите 20 години, кои доведоа до голем раст на економската, политичката и воената моќ на некои нови (или повторно зајакнување на некои стари) светски сили, какви што се, на пример, Русија, Кина, Турција, Иран, Индија, Бразил и други. Врз основа на новата реалност на светската економска, геополитичка и културна „карта“, текстот настојува да даде аргументи за застареноста на традиционалната цивилизациска, културна и општа „аксиолошка“ поимно категоријална поделба на Исток и Запад, и сите стереотипи, заблуди и предрасуди на таа поделба, пласирани, пред сѐ, од страна на моќната западна медиумска пропагандна машинерија во изминатите речиси два века. Жестоката и крвава борба за зачувување на сопствената хегемона и доминантна позиција на досегашните империјални и постколонијални сили (претежно високоразвиените капиталистички држави на ЕУ и на НАТО, на чело со САД) и нивниот третман на сите други како постколонијален „остаток на светот“ им дава за право на сите оние аналитичари од различна философска, научна и теолошка провениенција, кои синтагмата The West and the Rest (Западот и остатокот) ја сметаат за најточен поимно категоријален „одраз“ на новата светска реалност.*

*За волја на вистината, оваа синтагма станува сѐ повеќе евидентна и незаобиколива и на полето на истражувањето и дејствувањето на една толку битна наука и пракса за човечкиот опстанок денес – биоетиката.*

***Клучни зборови:*** *ИСТОК, ЗАПАД, ОСТАТОК, ЦИВИЛИЗАЦИЈА, БИОЕТИКА*

***History means interpretation***
(Едвард Халет Кар)

Во форма на синопсис, или кратки конспект-тези, ќе се обидеме да одговориме на неколку прашања, со нужните симплификации кои се во вакви случаи неизбежни:

1. ќе се обидеме да ги датираме поделбите на Исток и Запад врз основа на историски артефакти, т.е. врз основа на фактите на пишаната, меморирана историја;

2. ќе направиме „скок“ во сегашноста, т.е. во современоста на 20/21 век, и ќе тргнеме од проблематизацијата на оваа аксиолошка поимно категоријална поделба само кај неколку современи автори (наведени во библиографијата!) кои, според наша скромна оценка, најобјективно ја рефлектираат оваа поделба;

3. ќе ја проблематизираме оваа поделба во актуелните нови геополитички поделби во мултиполарниот/полицентричен и мултикултурен/мултилатерален свет, имено, ќе ја лоцираме новата поделба: Запад – остаток (The West and The Rest);

4. најпосле, ќе дојдеме и до биоетиката, која е и повод и причина за овие наши средби[1], и нејзината апликација и мултипликација отаде овие стари и нови „блоковски“ поделби; и

5. на крај, но не помалку важно, само ќе допреме и еден аспект, кој, според насловите на предложените реферати на оваа конференција[2], го има малку, или воопшто го нема, а тоа е родовиот аспект на биоетиката, т.е. биоетиката гледана низ призмата на џендер-стратегиите.

Да тргнеме по ред:

**Прво**, не ги спомнуваме освојувачките војни на Александар Македонски на Исток, зашто тогаш на Запад и не постоела некоја развиена цивилизација и култура. Дури во Стариот Рим оваа поделба започнува да биде историски и поимно релевантна, а особено со поделбата на Источно и Западно Римско Царство, односно подоцна Византија, и малите балкански царевини кои се изнедриле во времето на нејзиното опаѓање и пропаѓање. Шизмата од 1054 година уште повеќе ја засилува оваа источно – западна поделба, и сѐ до денес, по низа основи, ја воспоставува и ја одржува разликата помеѓу Источната, Православна, и Западната, Католичка/Протестантска црква. И покрај тоа што формално центарот на православието е во Цариград/Истанбул, логично е дека најголемата и најмоќна православна црква е Руската православна црква. Згора на тоа, мора постојано да се потсетуваме дека и христијанството се раѓа на Исток/Блискиот Исток (денес би рекле на Ориентот), и потоа се шири кон Запад, имено, кон Рим, и понатаму далеку во иста насока и преку Атлантикот во Јужна и Северна Америка, но дури потоа Христифор Ко-

[1] Станува збор за Меѓународната конференција 4th International Philosophical Dialogue «EAST-WEST» - "Bioethics on crossroads", одржана во Скопје, Битола и Охрид, од 3 до 5 октомври 2018 година, во организација на Славјанскиот универзитет „Г. Р. Державин“, Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) и Философското друштво на Македонија (ФДМ).

[2] Целосната програма на конференцијата на која реферира авторот е достапна на: http://konferencii.msu.edu.mk/wp-content/uploads/Programa-East-West-2018-FINAL.pdf (Заб. на редакцијата).

лумбо, значи, дури од 16 век до денес. Слично се случува и со ширањето на исламот, со што е воспоставена и нова стереотипна антиподност на ориент(ализмот) и оксидент(ализмот), која опстојува сѐ до денес, и тоа на сите рамништа: економско, геополитичко, идеолошко, научно, родово, културно, религиозно, **воено-стратегиско (!)**. (Саид, 2003; Hobson, 2004; Hobson, 2012) Во најновите поимнокатегоријални класификации, на пример во рамките на Критичката теорија и нејзините следбеници, се зборува за поделба на општествата и културите на модерни (читај: западни), и предмодерни (читај: останати). (Allen, 2015).

На едно пониско, би рекле, рамниште на политичка антропологија, во текот на 19 и 20 век се издиференцира единечна и колективна свест за себе како за посебен етос на **западната** либерална, прогресивна и демократска цивилизација, за разлика од источната како вечно „деспотска" и „тоталитарна", заостаната и конзервативна (Allen, 2015). Овој антрополошки идеалтипски „модел" или „профил" на човек (маж/жена) е постојано загрозен од „непријателот", кој, се разбира, секогаш доаѓа „**од Исток"**, и кој во колективна персонификација на варвари, безбожници, примитивци, злосторници, криминалци и останати дивјаци е постојана „закана" за судбината на западниот човек (Стејс, 1991; Todorov, 2010). Овој „модел" на човек – со својот ум, разум и доблест – низ текот на светската историја секогаш се докажувал како цивилизациски и културно супериорен во однос на **другите**, т.е. **останатите** (The Rest) (Ferguson, 2012; Џепароски, 2007; Кокер, 2006). Имаме многу примери за ваква „состојба на духот" или conditio humana во западната философија, наука и уметност, но и чесните обиди за нејзино **дијалектичко надминување** (Хегел би рекол Dialektische Aufhebung), но тие најчесто се **премолчуваат**, или нивните дела на оваа тема се „заборавaaт" (Остен, 2005). Можеме да почнеме со брилијантноста на Јохан Волфганг Гете, па преку Освалд Шпенглер, да завршиме со Александар Дугин (Goethe, 1966; Spengler, 1998; Дугин/Савин, 2018). Но, со оглед на тоа дека станува збор за извонредни мислители кои заслужуваат темелен осврт, се решивме да го цитираме современиот австриски политичар и теоретичар Ерхард Бусек, во неговата книга „Отворената капија кон Исток", кој ги сублимира овие **западно-источни** вредносни парадигми:

> Во операта „Лоенгрин" на Рихард Вагнер царот ја собира војската во очи на воен поход и ѝ соопштува: „На царството му се заканува опасност од исток". Изгледа дека тоа било трајно обележје на германското доживување на себе самите, со оглед на тоа дека денешна Австрија се означува како марка на исток, а во илјадагодишниот период како „источна марка" (Ostmark). (...) Поимот „балканизација" е веќе одамна вообичаен, но слични поими постојат во врска со <u>Русија</u> и <u>Турција</u>, како и со сите други земји, што е доказ за огромна несигурност, која е, меѓу другото, последица на <u>незнаење</u> (подвлекол – Д.С.) (...) Со

> поместувањето на надворешните граници на ЕУ кон исток, простата поделба на Запад и Исток, каква што ни ја овозможуваше „железната завеса“ отиде во неповрат. Многу распространетото непознавање на тие земји веќе не е аргумент за нивно ставање во редот на „источни“земји (подвлекол – Д.С.).
>
> (Busek, 2007, 15-16, 67,61)

Современиот сонародник на Бусек, австрискиот дипломат Волфганг Петрич, во весникот *Нова Македонија* (10 септември, 2015 г.) изјавува дека „на мнозинството во Европа, и на државите и на граѓаните, им е јасно дека прашањето за името (Македонија – заб. на Д. С.) е скандалозно однесување на една земја-членка“ (Грција – заб. на Д. С.) Впрочем, лично мислам дека името „Република Северна Македонија“ е производ на политичкиот генетски инженеринг, или можеби би кажале – биоетички генетски инженеринг?! Горните констатции ни даваат шлагворт за нашата **втора** конспект-теза со која влегуваме директно во 20 и 21 век. Тргнуваме од анализите на современиот швајцарски философ на културата Елмар Холенштајн. Како главен и хроничен проблем во дефинирањето на поимите Исток и Запад, Холенштајн го нагласува проблемот на дефинирање на **европските граници**, т.е. нивното изедначување со границите на членките на ЕУ, што е тотална бесмислица, пред сè, во однос на земји кои ги трансцендираат европските граници од Запад кон Исток, каква што е Русија, и од Исток кон Запад, каква што е Турција, и кои стануваат **клучни земји** во огромниот **евроазиски** појас од Лисабон до Владивосток (Holenstein, 1998; Зиновјев, 2002; Давутоглу, 2013; Скаловски, 2010). Познато е дека Шарл Де Гол, во текот на својата долга и контроверзна војничка и политичка кариера, всушност, е главниот креатор на Европската Унија, без разлика на тоа што неговата позната изјава за „Европа од Атлантик до Урал“ сè до денес различно се интерпретира. Сакајќи да се дистанцира и од САД и од (тогашниот) Советски Сојуз, тој во своето „дефинирање“ на европските граници најексплицитно ја стави и Русија, со што внесе дополнителни дилеми: геостратегиски, економски, политички, културолошки, аксиолошки, конфесионални, идеолошки итн. и кои траат сè до денес.

Овие дилеми уште повеќе се актуализираат во последните години, кога европското единство и иднината на ЕУ се сериозно доведени во прашање, и тоа од низа причини, но во кои доминираат токму оние на кои инсистира Бусек. Тоа е елементарното незнаење/непознавање на низа цивилизации и култури на Исток, а кое доведе до формирање погрешни претстави, негативни митови, идеолошки фикции, стереотипи и предрасуди до степен на масовна анксиозност, шизофренија и хистерија, ефикасно пласирана преку **глобалните медиуми**, посебно дигиталните, и нивната улога во **контролата на мислата во демократски-**

**те општества** (Чомски, 2003; Дугин/Савин, 2018). Со престанокот на постоењето на Источниот блок и Советскиот Сојуз, ЕУ и НАТО ја губат **моќта** и смислата на своето постоење и геостратегиската целесообразност (својот raison d`etre), без разлика на тоа што бројни идејни творци и визионери на ЕУ имаа хумани, морални и мирољубиви намери (од Имануел Кант, преку Едмунд Хусерл, до Јирген Хабермас), пред сè во интерес на граѓаните на Европа, односно „обичните луѓе" (simple human beengs).

Меѓутоа, овие надежи не само што не се остварија – што резигнирано констатира самиот Хабермас – туку со изедначувањето на просторот на ЕУ со просторот на НАТО дојде до додатна хомогенизација на еден географски простор на високоразвиени капиталистички земји, кои како европски (ЕУ) и атлантски (САД и Канада) се дистанцираат и се затвораат во свет кој се самоидентификува како Западен (Habermas, 2014, Зиновјев, 2002). Овој свет, или заедница – и покрај хетерогеноста и јакнењето на центрифугалните сили внатре во себе самиот – **кон надвор**, т.е. кон **другите** делови на светот, се однесува како кон остаток, имено, го (мал)третира како **остаток** од планетата.

Дополнителни внатрешни пукнатини во тој западен свет внесуваат најновите потези на Доналд Трамп, кој со својата експлицитна намера за укинување на финансирањето на европското крило на НАТО од страна на САД внесува допонителна конфузија, неизвесност и раскол во веќе и онака конфузниот и кризен систем на западни вредности, норми и парадигми: економски, правни, политички, културни, конфесионални, и нивната нормативна хиерархија. Таа пропаѓа поради неможноста да се задоволат материјалните/профитни интереси на различни страни, пред сè, на националните и **наднационалните** светски **елити**, кои сè повеќе неизбежно **меѓусебно се конфронтираат** (најсвеж е примерот со конфронтацијата на Доналд Трамп со Емануел Макрон на Заседанието на Генералното собрание, на 26 септември 2018 година). Значи, станува збор за **интраконфронтации** (внатре во европскиот, а потоа и во евроатлантскиот капиталистички **естаблишмент**) и **интерконфронтации**, имено конфронтации со остатокот на светот кој сè повеќе се „капитализира", и кој со смеење реагираше на настапот на Доналд Трамп. Меѓутоа, тој настап не беше за исмевање, зашто тој беше во интерес на **американскиот народ**, зашто **тој народ** има приоритет во политиката на Трамп, што е секако најлогично и најлегитимно.

Со ова веќе длабоко навлегуваме во **третото прашање** на нашиот реферат, имено, односот на овој внатре во себе **разединет** западен свет кон **останатиот свет**, како што го нарекува Ниал Фергусон, а кој, исто така, е свет на внатрешни поделби и конфронтирани интереси, **пред сè економски**, значи свет на **полицентрични**, **мултикултурни** и **мултиконфесионални** сфери на влијанија, или „атрактивни гравита-

циски полиња“, како што ги нарекува Ерхард Бусек, и кој, рековме, традиционалната поделба на Исток и Запад ја прави **анахрона** и **беспредметна** (Ferguson, 2012; Busek, 2007). Се чини како да се доближуваме до состојба која уште Томас Хобс популарно ја дефинирал како „војна на сите против сите“ (bellum omnium contra omnes), но овој пат не само на национално, туку и на интернационално, значи на **глобално ниво**.

Од друга страна, новата светска реалност покажува висок степен на **заемна меѓузависност**, меѓудејство, меѓусебна упатеност и **отвореност** – почнувајќи од климатските промени и завршувајќи со светската трговска размена – што сè заедно оневозможува каква било изолација или самоизолација и автархија и на најсилните светски економии и економски сојузи, каква што беше и ЕУ во своите почетоци (како Европска **економска** заедница), или воведување какви било санкции кон кого било (економска војна), а тие да не бидат **на сопствена штета**. Да се потсетиме дека Макрон го нападна Трамп, меѓу другото, и поради истапувањето на САД од Париската спогодба за **климатски промени**, а климатските промени и нивното влијание врз човековиот живот и здравје и глобалниот биодиверзитет се еден од главните глобални предизвици, вклучително и **биоетички/биомедицински** (Остен, 2005).

Впрочем, искрените, објективни и **чесни** аналитичари и актери на „западните“ сојузи веќе со години отворено признаваат дека западниот, евроатлантски сојуз, **никогаш не станал заедница**, од едноставна причина што како вештачка творба **никогаш немала заеднички интереси**, освен оние за време на „студената војна“, поради опасноста од „руска експанзија“, која беше многу повеќе измислена пропагандна „Баба Рога“ отколку реална опасност од **Исток** (јавна тајна е дека уште за време на „студената војна“, на пример, француската индустрија повеќе од 20 % од своите производи ги извезуваше во Источниот блок, односно во Советскиот Сојуз). Денешните збиднувања внатре во таа „западна заедница“најдобро го потврдуваат тоа, со таа разлика што денес од измислената приказна за руската „Баба Рога“ не се плашат дури ни малите деца. Едноставно, „непријателот“ од Исток се самоукинал, и тоа е големата главоболка на оние што се мачат **да измислат** некој нов опасен и силен „непријател“, се разбира, повторно од **Исток** (Кокер, 2006). Тоа е сосема во духот на познатата крилатица на Волтер – „Ако Бог не постои, би требало да се измисли“, која транскрибирана за нашиот контекст би можела да гласи „и да не постоеше Русија, Западот ќе ја измислеше“. Вака, сериозните аналитичари и стратези се загрижени дека Западот ќе го преживее **исчезнувањето** на овој измислен непријател, кој колку-толку го држеше „на купче“, и со тоа само ја **одлагаше** сопствената **деконструкција**, и сопствениот дефинитивен и **неизбежен** цивилизациски и културен **залез** (Spengler, 1998; Koker, 2006). **Всушност**, секој **економски** конкурент кој би ја загрозил економската и секоја друга

суприматија и доминација/хегемонија на Западот – со посредство на софистицирани и **медиумски** пласирани идеолошки/културолошки механизми – се прогласува за непријател. Индикативно е дека веројатно новиот голем „непријател" од **Исток** ќе биде – **Кина**!?

А вистината е токму **спротивна**, и во духот на познатата крилатица „Држ те го крадецот". Имено, **тие (Западот!)** го прават тоа за да го оправдаат **својот продор** и експанзија **кон Исток**, кој е во суштина стара и позната стратегија, на германски наречена **Drang nach Osten!** (Drive to the East!), која има цел да ги колонизира **словенските** и други **православни** и **муслимански** народи и да загосподари со големите евроазиски природни/човечки **ресурси**, неопходни за натамошен опстанок и просперитет на западниот капиталистички империјализам (натамошна елаборација на оваа геостратегија не е тема на овој наш текст) (Забијакин Чатлеска, 2018).

Така што светот не само што нема интерес и потреба од општествено-економски и општествено-политички заедници и воени сојузи, какви што се (беа!) ЕУ и НАТО, туку тие ќе бидат **пречка** и кочница за нови билатерални и мултилатерални односи на земјите кои во моментот сè уште се членки на овие сојузи, или имаат намера да станат нивни членки (Република Македонија). За жал, овие асоцијации сè уште манифестираат егоцентричност (евроцентричност), ароганција, милитантен секуларизам, перфидност и хипокризија, политика на сила, **двојни стандарди** и поделби на „ние" и „другите", „цивилизирани" и „варвари". Тие сè уште не се искрено подготвени за **рамноправен дијалог** со различни цивилизации и култури и признавање на **нивните интереси**, заемно **признавање** индивидуални и **колективни идентитети** (спорот Македонија – Грција) и повторно превреднување, толкување и интерпретација на историјата на Европа, САД и „остатокот" од светот, во кој, секако, тие ја ставаат и **Македонија** (Hobson, 2004; Hobson, 2012; Todorov, 2010; Тодорова, 2001; Кокер, 2006; Цепароски, 2016; Цепароски, 2007).

Но, од овие високи и општи апстракции и глобални процеси да се симнеме на конкретните, посебни и поединечни, обични човечки суштества, кои веќе ги спомнавме, и чиј дел сме и ние овде, на овој инспиративен меѓународен научен и културен настан, во духовната престолнина на Македонија – Охрид. Со тоа доаѓаме до **четвртото** и најбитно прашање за нас: апликацијата и мултипликацијата на нашата, да ја наречеме **биоетичка кауза**, во овој свет кој е толку хетероген, сложен, повеќеслоен, повеќедимензионален, променлив, динамичен, преполн со разлики, но и сличности, сопоставености, спротивставености, противречности, пресврти, кои сите заедно го прават **жестоко конфликтен.** Во донесувањето на заклучокот, ми помагаат почитуваните колега и колешка Музур и Ринчиќ:

> Биоетиката не е „објективна“ дисциплина „заснована врз докази“: не само што различни автори различно ја дефинираат, туку во неа вградуваат сопствено искуство, ставови и светогледи. Тоа ја прави биоетиката интригантна и разновидна како ретко друго подрачје на мисловно дејствување (подвлекол – Д.С.).
>
> (Muzur, A/Rinčić, 2018, 171)

Но, овој заклучок колку што ни помага толку и ни одмага, зашто тој не само што ги реактуализира старите, „традиционални“ филозофски прашања и дилеми (онтолошки, гносеолошки/епистемолошки, етички, културолошки, идеолошки) туку отвора и нови, без да одговорил на старите?! Како и да е, биоетиката **е** секако **нов предизвик** и искушение за философскиот ум и неговата дискурзивна етичка/морална рефлексија, без разлика на тоа што, во основа, сака да даде нов одговор на старото етичко прашање: *Што треба да правам?*, **но** во социјалонтолошки **нови** околности на една – во исто време и конструктивна и (авто)деструктивна **технолошка** цивилизација. Во ова и вакво **социјално** опкружување, биоетиката и **социјалната философија,** воопшто, имаат должност и одговорност да дадат одговори на низа прашања, почнувајќи од тоа како компјутерите и дигиталната цивилизација влијаат врз работата на мозокот на децата од најрана возраст и развојот на моќта за рационално расудување (Čomski, 1972), па завршувајќи со прашањето како тие деца (машки/женски), кога ќе пораснат, како **одговорни морални субјекти** ќе успеат да опстанат и да просперираат во еден „објективен“, **профитабилен** свет?! Во овој "Brave New World" (Хаксли) владее криминоген компјутерски систем и се водат **глобални** мрежни војни, фиктивни или реални, а во кои се пласираат **различни** глобални/регионални „светогледи“, и се водат **конфликтни** геополитики (Jonas, 1984; Скаловски, 2005; Honneth, 1994; Дугин/ Савин, 2018). Најпосле, не смееме да заборавиме дека многу од овие **деца на иднината** ќе бидат родени преку **сурогат** мајки (Donev, 2019).

Според мое лично доживување, базирано врз поимно категоријалната сопоставеност и спротиставеност Запад – Исток версус Запад – остаток, **биоетиката е етика на отпор и алтернатива** на самоубиствениот пат по кој тргнала една милитантна цивилизација која врз основа на сите претходни релативизации можеме да ја наречеме **западна**, и која како таква се заканува да го повлече во бездна и **остатокот** на светот (Видојевић, 2015). За да се втемели и конституира како нова етика, биоетиката **претходно** мора да заснова поинаков философски/етички, имено, **онтолошки** фундус на линијата на тоталитетот: природа→општество→држава. Оваа последователна линија мора да се врати во својата егзистенцијална хоризонтала наместо досегашната есенцијална вертикала, значи прво однос човек→човек, а дури потоа однос човек→Бог.

Прво, социјална егзистенција, потоа метафизичка есенција. Светот во целина, Балканот, посебно, и Македонија, единечно, **допрва** ќе бидат изложени на нови биоетички искушенија, кои не се дадени од Бога, туку додадени од човекот: почнувајќи од влијанието на климатските промени, експериментирањето со човековите гени, па преку последиците од бомбардирањето со бомби со осиромашен ураниум и влијанието врз здравјето на луѓето, пред сѐ жените и децата, па сѐ до бегалските кампови, кои ЕУ и НАТО планираат да ги изградат во Република Македонија. Во овие кампови ќе бидат „привремено" сместени илјадници луѓе, меѓу кои деца и **жени**, и кои ќе сакаат да го остварат своето легитимно човеково право, меѓу другите – и да раѓаат деца. Се разбира дека овие планови може да ги сметаме за обични спинови и инсинуации што станаа вообичаени во современата медиумска војна со информации и дезинформации во големата дигитална Вавилонска кула, но доколку се покажат како точни, тоа ќе значи дека ќе имаме многу дилеми, предизвици, контроверзии и искушенија за хуманизмот, филантропијата, солидарноста, биоетиката и **џендер**-биоетиката (на пример, сурогат мајчинството).

Ова нѐ води кон последното, **петто** прашање кое поради неговата важност заслужува посебна анализа, па поради тоа ќе го резимираме само во една кратка констатација: врз основа на насловите на рефератите, не гледам дека на оваа конференција ќе се обрне доволно внимание на родовиот аспект. Тоа значи дека и биоетичката наука и филозофија, имено, етика, во иднина ќе мора да обрнат многу поголемо внимание врз биоетичката проблематика од **родов аспект**, за чија важност, чинам, нема потреба да се убедуваме (Симоновска/ Скаловски, 2012).

**Литература**

Видојевић, З. (2015). *Порази и алтернативе: претња пустоши и етика отпора*, Београд: Завод за уџбенике.

Давутоглу, А. (2013). *Стратешка длабочина: Меѓународната положба на Турција*, Скопје: Табернакул.

Дугин, А. & Савин, Л. (2018). *Мрежни ратови: Аналитички извештај Александра Дугина уз учешће Валерија Куровина и Александра Бовдунова*, Београд: Авала прес д.о.о.

Забијакин Чаклеска, В. (2018). *Стратешки практики на човечки ресурси – Теорија и емпириски показатели*, Скопје: Bigoss.

Зиновјев, А. (2002). *Запад: Феномен западњаштва*, Београд: Naš Dom/L`Age D`Homme.

Кар, Е. Х. (1990). *Што е историјата?*, Култура, Скопје.

Кокер, К. (2006). *Сумрак Запада*, Београд: Досије.

Остен, М. (2005). *Покрадено памћење: Дигитални системи и разарање културе сећања*, Нови Сад: Светови.

Петрич, В. (2015). *Петрич: Германија и Австрија го преземаат Балканот во свои раце*, во *Нова Македонија*, Четврток, 10 септември, 2015, (стр. 2).

Саид, В. Е. (2003). *Ориентализам*: *западни концепции за ориентот*, Скопје: Магор.

Симоновска, С. & Скаловски, Д. (2012). *Етиката и родот*, (Прирачник), Скопје: Филозофски факултет.

Скаловски, Д. (2010). *Во прво лице еднина (мал личен културолошки речник)* - Том 1, од *Анг.* До *Култ.*, Скопје: Аз-Буки / Филозофски факултет.

Скаловски, Д. (2005). *Етика на одговорноста (Ханс Јонас)*, Скопје: Bigoss.

Стејс, В. (1991). *Судбината на западниот човек*, Скопје: Култура.

Тодорова, М. (2001). *Замислувајќи го Балканот*, Скопје: Магор.

Чомски, Н. (2003). *Нужни илузии: контрола на мислата во демократските општества*, Скопје: Култура.

Џепароски, И. (2016). *Македонската салата во балканската крчма: другост и идентитет*, во *Култура и книжевност*, Скопје: Магор.

Џепароски, И. (ур.) (2007). *Аспекти на другоста* (Зборник), Скопје: Менора, Евро Балкан.

Allen, A. (2015). *The End of Progress: Decolonizing the normative foundations of Critical Theory*, New York: Columbia University Press.

Busek, E. (2007). *Otvorena kapija ka istoku*, Beograd: Clio.

Carr, E., H. (1961/2002). *What is History?*, University of Cambridge Press/Palgrave Macmillan, Revised edition.

Čomski, N. (1972). *Gramatika i um*, Beograd: Nolit.

Donev, D. (2019). *Surogat (zamjensko) majčinstvo ili treba li se maternica iznajmljivati*, Pannoniana, Fakultet za odgojne i obrazovne znanosti, Osijek, vol.3, No.2, (manuscript).

Ferguson, N. (2012). *Civilisation: The West and the Rest*, New York: New York Times.

Goethe, J. W. (1966). Goethes Werke in zwölf Band, Zweiter Band, West-Östlicher Divan, (s. 9-132), Berlin: Aufbau-Verlag Berlin und Weimar.

Habermas, J. (2014). *Zur Verfassung Europas, Ein Essay*, Frankfurt: Suhrkamp.

Hobson, M. J. (2012). The Eurocentric Conception of World Politics, New York: Cambridge University Press.

Hobson, M. J. (2004). *The Eastern Origins of Western Civilisation*, New York: Cambridge University Press.

Holenstein, E. (1998). *Kultur-philosophische Perspektiven; Schulbeispiel Schweiz; Europäische Identität auf dem Prüfstand Globale Verständigungsmölichkeiten*, Frankfurt/M., Suhrkamp.

Honneth, A. (Hg.) (1994). *Pathologien des Sozialen: Die Aufgaben der Sozialphilosophie*, Frankfurt/M.,: Fischer Taschenbuch Verlag.

Jonas, H. (1984). *Das Prinzip Verantwortung: Versuch einer Ethik für die technologische Zivilisation*, Frankfur/M., Insel Verlag.

Muzur, A. & Rinčić, I. (2018). *Bioetička Europa našeg doba: Struje, kormilari, sidrišta*, Zagreb: Pergamena, Znanstveni centar izvrsnosti za integrativnu bioetiku.

Spengler, A. G. O. (1998). *Der Untergang des Abendlandes*, Augsburg: C.H. Beck.

Todorov, C. (2010). *Strah od varvara: S onu stranu sudara civilizacija*, Beograd: Karpoš.